**Потпишан Меморандум за соработка меѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија**





На ден 24.02.2011 година се склучи Меморандум за соработка меѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, претставувана од директорот Тони Димовски и Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, претставувано од Ѓорѓи Јанчевски, Претседателот на Здружението на банкарството.

Со склучување на овој меморандум договорните страни ја изразуваат подготвеноста за соработка во функција на олеснување на постапката за добивање на кредит на корисниците на финансиска поддршка кои склучиле договор за кофинансирање со Агенцијата за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2007-2013).